# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| "Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. | Сабота, 29 јуни 2002<br>Скопје<br>Број 46 Год. LVIII | Аконтацијата за 2002 година изнесува 8.000 денари. Овој број чини 500 денари. Жиро сметка 300000000188798 |
|---|---|---|


**723.**

**724.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2002 ГОДИНА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2002 година.

Бр. 07-2598/1
27 јуни 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2002 ГОДИНА**

Член 1

Во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година ("Службен весник на Република Македонија" број 106/2001), во членот 9 ставот 1 се менува и гласи:

"Средствата утврдени во Раздел 09002 потставка 428112 - Тековни резерви се користат за потребите за кои не се планирани средства, односно не се планирани средства во доволен износ во Буџетот."

Член 2

Членот 18 се брише.

Член 3

Членот 28 се менува и гласи:

"Средствата предвидени во Раздел 19001 - Министерство за здравство, ставка 441 - Трансфери до други нивоа на власт, се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за здравство."

Член 4

Во членот 31 ставот 2 се менува и гласи:

"Повратот на средствата од ставот 1 на овој член се врши на начин детално пропишан од министерот за финансии."

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**725.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2002 година.

Бр. 07-2601/1
27 јуни 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ**

Член 1

Во Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 79/93, 3/94, 71/96, 46/2000, 11/2001 и 93/2001), во членот 3-ѓ став 1 се менува и гласи:

"За финансиските средства на Буџетот на Република Македонија, за финансиските средства на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот (приходи наплатени од органи, приходи остварени од самофинансирачки активности, од донации и кредити) и истите други финансиски средства, Министерството за финансии отвора и води трезорска сметка кај носител на платниот промет во Републиката."

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"По исклучок од ставот 1 на овој член, покрај трезорската сметка, Министерството за финансии може да отвори и други сметки кај носител на платен промет во Републиката, за одделни финансиски средства, за кои е неопходно посебно оперативно извршување и следење."

Ставот 4 кој станува став 5, се менува и гласи:

"Фондовите и корисниците на фондовите и единиците на локалната самоуправа, можат да отворат сметки во Народната банка на Република Македонија или во деловна банка што ќе ја определи Владата на Република Македонија."

Ставот 5 кој станува став 6, се менува и гласи:

"За отворање на сметки за субјектите од ставот 5 на овој член, потребна е претходна согласност од министерот за финансии."

По ставот 5 кој станува став 6 се додава нов став 7, кој гласи:

"Фондовите од ставот 5 на овој член, се должни на дневна основа до Министерството за финансии да доставуваат извештај за состојбите на нивните сметки отворени кај носителот на платен промет."

Член 2

Во членот 3-е став 1 по зборот "природата" се става запирка и се додаваат зборовите: "Фондот за земјоделство".

Член 3

Во членот 4-е ставот 1 се менува и гласи:

"Единиците на локалната самоуправа изготвуваат единствен буџет кој ги содржи средствата на советот, градоначалникот и управните и административните органи, програмата за комунално уредување, програмата за улично осветлување, програмата за патишта, програмата за зелени површини, програмата за пошумување и други програми."

Член 4

Во членот 15 став 2 пред зборот "циркулар" се додава "буџетски".

Ставот 3 се менува и гласи:

"Во циркуларот од ставот 2 на овој член, се содржани основните економски претпоставки и насоки за изготвување на предлог на буџетот на централната власт,

приоритетите на Владата за период за кој се изготвува буџетот, методологијата за изготвување на буџетите на корисниците (клучните параметри, постапката и рокот за изготвување на буџетските пресметки), како и индикативните вкупни трошоци за секој корисник, во чии рамки треба да биде изготвен предлогот на буџетската пресметка по категории на трошоци."

Член 5

Во членот 16 став 1 воведната реченица се менува и гласи:

"Врз основа на буџетскиот циркулар од членот 15 став 2 на овој закон, буџетските корисници изготвуваат предлог на буџетска пресметка кој го доставуваат до Министерството за финансии најдоцна до 15 јуни и истиот содржи:".

Во ставот 1 алинеја 3 по зборот "категории", запирката и зборот "поткатегории" се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

"Со предлог на буџетската пресметка, буџетските корисници доставуваат и образложение, кое содржи:

- презентирање на целите, стратегијата и програмите за одделни области за буџетските корисници;
- законски и други основи врз кои се темелат предвидените стратегии и програми;
- образложение за висината на предвидените трошоци по позиции и
- извештај за постигнатите цели и резултати од стратегиите и програмите, за период од првата половина од тековната година."

Член 6

Во членот 17 став 1 зборот "предлози" се заменува со зборовите: "предлог на буџетски пресметки".

Во ставот 3 зборот "предлози" се заменува со зборовите: "предлог на буџетските пресметки".

Член 7

Во членот 23 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

"Буџетските корисници се должни да водат евиденција и на редовна основа да доставуваат податоци за состојбата на ненамирените обврски, на начин и во рокови пропишани од министерот за финансии.

За намирување на ненамирените обврски на буџетските корисници постари од 60 дена, Владата на предлог на министерот за финансии може да резервира дел од планираните средства во буџетот на буџетските корисници."

Член 8

Во членот 26 став 3 по зборовите: "достават до" да се додадат зборовите: "органот или".

Член 9

По членот 31 се додава нов член 31-а кој гласи:

"Член 31-а

Фондовите од членот 3-е на овој закон се должни да го известуваат Министерството за финансии за реализацијата на приливите и одливите на средства, вишокот или кусокот, задолжувањето, ненамирените обврски и други показатели најдоцна до 15-ти во тековниот месец за претходниот, на начин утврден од страна на Министерството за финансии."

Член 10

Во членот 56 став 1 точката 14 се менува и гласи:

"Ако отвори сметки или депонира средства кај носител на платен промет, спротивно на овој закон".

Член 11

Одредбата на членот 3 која се однесува на членот 4-е став 1 на овој закон ќе се применува од 1 јануари 2003 година.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**726.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2002 година.

Бр. 07-2600/1
27 јуни 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001 и 26/2002), во членот 3 став 2 зборовите: "2001 година за корисниците на Буџетот на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "2002 година и натаму за корисниците на".

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

"По исклучок од ставот 1 на овој член, корисниците на Буџетот на Република Македонија и јавните здравствени установи правото на нето платите за месец јуни 2002 година, го утврдуваат до висината на правото утврдено за последниот месец за кој извршиле исплата согласно со овој закон и зголемено до нивото на обезбедените средства од Буџетот на Република Македонија, односно од Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Правото за исплата на нето платите од ставот 3 на овој член кај корисниците на Буџетот на Република Македонија и јавните здравствени установи за месец јули 2002 година и натаму не може да биде повисоко од правото утврдено за месец јуни 2002 година.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**727.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИЗВОРНИТЕ ПРИХОДИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ЗА 2002 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2002 година.

Бр. 07-2599/1
27 јуни 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИЗВОРНИТЕ ПРИХОДИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ЗА 2002 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 106/01) во членот 1 став 1 износот "83.057.611.000" се заменува со износот "86.747.093.000".

Во ставот 2 во точката 1. износот "52.836.000.000" се заменува со износот "56.854.374.000".

Во точката 2. износот "874.058.000" се заменува со износот "886.158.000", во точката 3. износот "18.500.000.000" се заменува со износот "17.627.120.000".

Во точката 4. износот "8.134.000.000" се заменува со износот "8.223.450.000".

Во точката 5. износот "1.231.000.000" се заменува со износот "1.280.000.000".

Во точката 7. износот "40.000.000" се заменува со износот "45.000.000".

По точката 8. се додава нова точка 9., која гласи:

- "Фонд за земјоделство со износ од 388.438.000 денари".

По зборот "вкупно" износот "83.057.611.000" се заменува со износот "86.747.093.000".

Член 2

Во членот 2 став 1 по зборот "Општина Пробиштип" износот "5.155.000" се заменува со износот "5.115.000", по зборот "Град Скопје" износот "90.877.000" се заменува со износот "102.977.000", а по зборот "вкупно" износот "874.058.000" се заменува со износот "886.158.000".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**728.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ (ИДА) ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА РЕФОРМА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит за Проектот за реформа во јавниот сектор,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2002 година.

Бр. 07-2602/1
27 јуни 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ (ИДА) ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА РЕФОРМА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) со кредит во износ од 15 милиони американски долари, наменет за Проектот за реформа во јавниот сектор.

Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од членот 1 на овој закон, се утврдуваат со Договор за кредит по Проектот за реформа во јавниот сектор кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој (ИДА).

Во име на Република Македонија договорот од ставот 1 на овој член, ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот на отплата на кредитот од членот 1 на овој закон е 35 години со вклучен грејс период од десет години.

Кредитот се отплатува во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември секоја година, почнувајќи од 15 мај 2012 и заклучно со 15 ноември 2037.

Секоја отплата на главнина од 15 мај 2012 до 15 ноември 2022 ќе изнесува 1,25% од износот на главнината на кредитот, а секоја отплата од 15 мај 2022 до 15 ноември 2037 ќе изнесува 2,5% од износот на главнината.

Кредитот е бескаматен.

Член 4

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој (ИДА) на 30 јуни секоја година, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегувањето во сила на договорот од членот 2 на овој закон до денот на повлекувањето на средствата.

На повлечените средства од главнината на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка од 0,75% годишно.

Провизијата од ставовите 1 и 2 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15 мај и 15 ноември секоја година.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**729.**

Врз основа на член 93 став 3 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99 и 49/00), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 јуни 2002 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ ОД ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ ЗА 2002 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува користењето на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал.

II

Средствата од точката I во износ од 5.718.577.878,50 денари во себе вклучуваат, дел од остварените средства од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал, односно "Македонски телекомуникации", "Фенимак", "Ладна Валавница" и други претпријатија, како и средствата што се планира да се остварат од приватизацијата во текот на 2002 година.

III

Средствата од точката II ќе се користат за намените утврдени со Буџетот на Република Македонија за 2002 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 106/2001) и тоа,

1. Средствата од приватизацијата на "Македонски телекомуникации" ќе бидат наменети за:

- развојни програми - Телеком инвестициони проекти до 3.169.418.000,00 денари и

- исплата на заостанати обврски по основа на 8% кон пензионерите до 1.176.045.569,00 денари.

2. Средствата од приватизацијата на "Фенимак", "Ладна Валавница", како и средствата што се планира да се остварат од приватизацијата на други претпријатија во текот на 2002 година ќе бидат наменети за:

- отплата на долгот по основа на девизни штедни влогови до 1.373.114.309,50 денари.

IV

Средствата од точката III ќе се реализираат преку Буџетот на Република Македонија.

Исплатата на средствата за одделни намени од точката III ќе се врши врз основа на документација и начин утврден со прописите за овие намени.

V

За реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за финансии.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2597/1
27 јуни 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

---

**730.**

Врз основа на член 51 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02 и 37/02), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 13.06.2002 година, го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Со овој правилник поблиску се определува постапката за запишување на хартии од вредност.

Член 2

(1) Запишувањето на хартии од вредност се врши во просториите на издавачот, брокерската куќа или на банката што ќе ги овласти издавачот.

(2) Постапката за запишување на хартии од вредност задолжително се спроведува во согласност со Законот за хартии од вредност и овој правилник.

(3) Доколку запишувањето се врши во просториите на брокерска куќа или банка, издавачот на хартии од вредност кој отпочнал постапка за запишување и купување хартии од вредност е должен со брокерската куќа односно банката да склучи договор со кој ја овластува истата во негово име да ја врши постапката за запишување на хартии од вредност. Договорот задолжително ја обврзува брокерската куќа односно банката да ја спроведе постапката за запишување на хартиите од вредност во согласност со Законот за хартии од вредност и овој правилник.

Член 3

(1) Издавачот е должен да обезбеди доволен број примероци на јавниот повик на сите места за запишување на хартии од вредност наведени во јавниот повик, чијашто содржина е во согласност со член 47 од Законот за хартии од вредност.

(2) На барање на секое заинтересирано лице на местото каде се врши запишувањето на хартии од вредност, издавачот е должен да му обезбеди примерок од јавниот повик.

Член 4

(1) На местото на запишување, издавачот е должен на заинтересираните лица да им стави на располагање најмалку еден примерок од статутот или актот за основање.

(2) Доколку издавачот изготвил понови финансиски извештаи од оние објавени во јавниот повик, издавачот е должен на местото на запишување, на заинтересираните лица да им стави на располагање најмалку еден примерок од новите финансиски извештаи.

Член 5

(1) Лицето кое запишува хартии од вредност односно неговиот полномошник задолжително пополнува и потпишува Писмена изјава (Уписница), согласно Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(2) Уписницата од став 1 на овој член се пополнува и потпишува во два примероци, од кои еден за издавачот, а другиот за лицето кое запишало хартии од вредност.

(3) Доколку постапката за запишување се врши преку брокерска куќа или банка, брокерската куќа односно банката ги чува уписниците до завршување на рокот за запишување на хартиите од вредност и потоа истите ги доставува до издавачот.

Член 6

Издавачот е должен, по завршување на рокот за запишување, на лицата кои запишале хартии од вредност да им стави на увид список на сите запишани хартии од вредност, по барање на лицето кое запишало хартии од вредност.

Член 7

Доколку до истекот на рокот за запишување се запишат повеќе хартии од вредност од обемот на емисијата, распределбата на запишаните хартии од вредност се врши согласно Одлуката за емисија на хартии од вредност на издавачот.

Член 8

(1) До истекот на рокот за запишување и купување на хартиите од вредност, издавачот е должен на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност да им издава привремени потврди кои немаат својство на хартија од вредност.

(2) Издавачот е должен привремените потврди од став 1 на овој член, да ги евидентира на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност.

(3) Привремените потврди не претставуваат хартии од вредност, и не носат никакви права.

(4) По завршувањето на емисијата хартии од вредност се запишуваат во книгата на хартии од вредност на друштвото која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност.

(5) Правата и обврските од хартии од вредност настануваат од моментот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Член 9

Доколку издавачот определил процент на успешност на емисијата и ако се запишат помалку хартии од вредност отколку што изнесува утврдениот процент на успешност, емисијата се прогласува за неуспешна и издавачот е должен на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност од таа емисија да им ги врати уплатените средства зголемени со соодветна камата.

Член 10

Издавачот е должен постапката за запишување хартии од вредност да ја спроведе во рокот утврден со Актот за издавање на хартии од вредност.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-1131
13 јуни 2002 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
**Никола Груевски**, с.р.

# ПИСМЕНА ИЗЈАВА (УПИСНИЦА)
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**Скопје, _______________ година**

**НАПОМЕНА: Запишувањето на хартиите од вредност се врши врз основа на јавно објавен повик во весникот ___________________ на ден _____ 2002 година, како и Акт за издавање хартии од вредност (Одлука за емисија) бр. ___ од ______ 2002 година. Лицето кое запишува хартии од вредност е запознаено со содржината на Јавниот повик и Актот за издавање на хартии од вредност.**

*I ДЕЛ (го пополнува издавачот на хартии од вредност)*

***1. Податоци за акционерското друштво - издавач на хартиите од вредност***

Назив и седиште: ______________________________
Адреса: ______________________________
Телефон: ______________ Факс: ______________
Лице за контакт: ______________________________
Единствен даночен број: ______________________________

*II ДЕЛ (го пополнува лицето кое запишува хартии од вредност)*

***1. Податоци за хартиите од вредност кои се запишуваат***

Вид на хартии од вредност: ______________________________
Број (количина) на хартии од вредност: ______________________________
Редослед на емисијата: ______________________________

***2. Податоци за лицето - купувач на хартиите од вредност***

Име и презиме (за физичко лице); назив и седиште (за правно лице): ______________
Адреса: ______________________________
Телефон: ______________ Факс: ______________
Лице за контакт (за правните лица): ______________________________
ЕМБГ / ЕДБ / Број на пасош за странско лице / ЕМБГ на полномошникот: ___________
Државјанство ______________________________
Број на сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност: ______________

**Потпис на лицето кое запишува Долгорочни хартии од вредност:**

______________________

**Потпис на одговорното лице на издавачот/банката/брокерската куќа:**

______________________

**М.П.**

**731.**

Врз основа на член 116 став 2 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02 и 37/02), Комисијата за хартии од вредност на својата седница одржана на 13.06.2002 година, го донесе следниот

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ПОД КОИ БРОКЕРСКА КУЌА ИЛИ БАНКА МОЖЕ ДА ЗЕМА И ДА ДАВА НА ЗАЕМ ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Со овој правилник Комисијата за хартии од вредност поблиску го определува начинот и условите под кои брокерска куќа или банка може да зема и да дава на заем долгорочни хартии од вредност.

Член 2

Само котирани долгорочни хартии од вредност на официјалниот пазар на Берзата може да се земаат и даваат на заем.

Член 3

Долгорочни хартии од вредност може да се земаат и даваат на заем исклучиво преку брокерска куќа или банка која има овластување од Комисијата за хартии од вредност за земање и давање на заем долгорочни хартии од вредност.

Член 4

Долгорочни хартии од вредност може да се земаат и даваат на заем исклучиво по пат на склучување на договори за давање и земање на заем на долгорочни хартии од вредност во натамошниот текст: (договор за позајмување).

Брокерска куќа или банка овластена за позајмување на долгорочни хартии од вредност во свое име и за своја сметка склучува договори за земање и давање на заем на долгорочни хартии од вредност.

Член 5

Брокерска куќа или банка овластени за позајмување на долгорочни хартии од вредност пред да склучи договор за земање и давање на заем на долгорочни хартии од вредност, склучува договор со сопствениците на хартиите од вредност во кој поблиску се утврдуваат условите под кои брокерската куќа или банката овластени за позајмување на долгорочни хартии од вредност можат да ги позајмуваат нивните хартии од вредност на трети лица.

Брокерска куќа или банка овластени за позајмување на долгорочни хартии од вредност доколку дава или зема на заем долгорочни хартии од вредност во нивна сопственост тогаш склучуваат договор директно со заемопримачот или заемодавачот.

Член 6

Брокерска куќа или банка овластени за позајмување на долгорочни хартии од вредност во договорот за позајмување мора да вклучи одредби во кои недвосмислено се наведуваат причините за раскинување на договорот за заем во случај на неисполнување на обврските преземени со договорот, раскинување на договорот во услови на воведување на стечај или ликвидација на некој од учесниците на договорот или на издавачот на хартии од вредност , раскинување заради загуба, вклучувајќи и укинување на овластувањето за давање и земање на заем на долгорочни хартии од вредност од Комисијата за хартии од вредност.

Член 7

Долгорочните хартии од вредност, предмет на договорот за позајмување во смисла на овој правилник, не смеат да бидат предмет на купопродажба во периодот на важење на договорот за заем.

Долгорочните хартии од вредност, предмет на договорот за позајмување во смисла на овој правилник, не смеат да бидат предмет на купопродажба и во случај договорот за заем да се прекине како резултат на неисполнување на преземените обврски, стечај, загуба по било кој основ или укинување на одобрението од Комисијата за хартии од вредност.

Член 8

Брокерска куќа или банка овластени за позајмување на долгорочни хартии од вредност може да резервира хартии од вредност само во случај кога ќе има гаранција за испорака на хартиите од вредност.

Член 9

Во договорот за земање и давање на заем долгорочни хартии од вредност мора да се определат средства и/или хартиите од вредност пресметани врз основа на најповолна постигната пазарна цена на Берзата во последните шест месеци, кои служат како гаранција за исполнување на обврските од договорот.

Во моментот на склучување на договорот за заем гаранцијата мора да биде повисока од вредноста на заемот за најмалку 3 пати.

Член 10

Доколку вредноста на гаранцијата падне под највисоката вредност определена во член 9 од овој правилник, тогаш заемопримачот се обврзува да даде дополнителна количина на хартии од вредност или други средства до достигнување на потребната висина од гаранцијата.

Член 11

Секоја долгорочна хартија од вредност која е предмет на договор за позајмување треба да биде објавена од заемодавачот во еден дневен весник кој излегува во Република Македонија, наредниот ден по потпишување на договорот за позајмување и објавата да ја достави до Комисијата.

Објавата особено треба да ги содржи следните елементи:

- фирма и седиште на издавачот на хартијата од вредност;
- номинална вредност на хартијата од вредност која е предмет на позајмување;
- број на хартиите од вредност кој се позајмува;
- рок на траење на договорот за заем;
- најповолна пазарна цена на хартијата од вредност која е предмет на позајмување, постигната на Берзата во последните шест месеци;
- видот на гаранцијата за исполнување на условите предвидени во договорот за позајмување на долгорочни хартии од вредност и
- начин на исполнување на условите од гаранцијата.

Член 12

Брокерска куќа или банка овластена за позајмување на долгорочни хартии од вредност не смее да го објави идентитетот на заемопримачот и на заемодавачот ниту да го каже на трето лице освен со нивно претходно одобрение кое треба да е содржано во договорот за позајмување и на овластените органи, согласно позитивните законски прописи.

Член 13

Брокерска куќа или банка овластени за позајмување на долгорочни хартии од вредност не смее да прима инструкции од:

- заемопримачот за тоа дали да зема или не хартии од вредност од трето лице и
- заемодавачот за тоа дали да дава или не на заем хартии од вредност на трето лице.

Заемодавачот и заемопримачот не смеат да даваат инструкции согласно став1 од овој член.

Член 14

Договорот за позајмување мора да ги исполни следните услови:

1. Двете договорни странки во свое име и за своја сметка склучуваат договори за земање и давање на заем на долгорочни хартии од вредност.

2. Една од страните мора да биде брокерска куќа или банка овластена за позајмување на долгорочни хартии од вредност.

3. Задолжително се утврдува висината на заемот, ознаката и номиналниот износ на хартијата од вредност предмет на договорот.

4. Квалитетот на гаранцијата што треба да ја даде заемопримачот, особено:

- висината на гаранцијата;
- бараниот вишок над вредноста на заемот;
- договорениот начин на вреднување на вишокот на гаранцијата над вредноста на заемот и
- начинот на законското наплатување на гаранцијата.

5. Во договорот задолжително се наведуваат тарифите и каматните стапки кои се применуваат во договорот.

6. Се утврдува времетраењето на договорот и условите под кои може истиот да се раскине пред истекот на неговото времетраење.

7. Условите под кои може заемодавачот да побара предвремено враќање на хартиите од вредност.

Член 15

Брокерска куќа или банка овластена за работа со долгорочни хартии од вредност кои немаат овластување за давање и земање на заем долгорочни хартии од вредност, може да зема и дава хартии од вредност на заем само во следните случаи:

1. Со цел за испорака при порамнување на трансакција направена на Берзата, а за која претходно нема обезбедено хартии од вредност.

2. За замена на постоечки заем за позајмување на долгорочни хартии од вредност на кој му истекува рокот.

Брокерска куќа или банка овластена за работа со долгорочни хартии од вредност која нема овластување за давање и земање на заем долгорочни хартии од вредност, а која ќе зема и дава хартии од вредност на заем согласно став 1 од овој член, имаат обврска да ги применуваат одредбите од член 4 став 1 од овој правилник, но немаат обврски за објавување на позајмувањето, согласно член 11 од овој правилник.

Член 16

Брокерска куќа или банка овластени за позајмување на долгорочни хартии од вредност не смее да отпочне со резервирање на долгорочните хартии од вредност во Централниот депозитар за хартии од вредност (во натамошниот текст: Централен депозитар) без валидно барање за заем од заемопримачот.

Резервацијата за долгорочни хартии од вредност кај Централниот депозитар може да се направи само за одредена хартија од вредност и во одредена количина, согласно договорот за позајмување.

Брокерска куќа и банка овластени за позајмување на долгорочни хартии од вредност мора да ја ослободи од резервација долгорочната хартија од вредност штом истата ќе престане да биде предмет на договор за позајмување.

Член 17

Брокерска куќа или банка овластени за позајмување на долгорочни хартии од вредност веднаш го информира потенцијалниот заемопримач доколку долгорочните хартии од вредност не се слободни за резервирање за позајмување.

Член 18

Долгорочните хартии од вредност се даваат на позајмување заради испорака за порамнување само кога порамнувањето треба да се изврши во рамките на утврдениот период за порамнување.

Член 19

Заради отстранување на можноста за создавање на погрешен впечаток за пазарот на долгорочни хартии од вредност, односно за намалување на можноста за пазарна и ценовна манипулација, брокерска куќа или банка овластена за позајмување на долгорочни хартии од вредност, заемодавачот или заемопримачот пред склучување на договорот за позајмување, согласно член 4 од овој правилник, не смеат:

- да бараат враќање на хартиите од вредност кои се позајмени,
- да ги резервираат долгорочните хартии од вредност или да бараат тие да бидат резервирани и
- да позајмуваат хартии од вредност.

Член 20

Согласно движењата и условите на пазарот за долгорочни хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност повремено ќе го утврдува вишокот на износот над вредноста на заемот што мора да ја задоволи гаранцијата за обезбедување на исполнување на обврските од договорот за позајмување на долгорочни хартии од вредност.

Член 21

Комисијата за хартии од вредност го задржува правото за утврдување на потребниот квалитет и квантитет на гаранцијата за обезбедување на исполнување на обврските од договорот за позајмување на долгорочни хартии од вредност.

Член 22

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-1267/1 Комисија за хартии од вредност
26 јуни 2002 година Претседател,
Скопје **Никола Груевски**, с.р.

---

**732.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на СРМ“ бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижности на катастарската општина Манастир Доленци - општина Другово.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премерот и катастарот на земјиштето („Сл. весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2757/1
28 јуни 2002 година Директор,
Скопје **Мирче Ѓорговски**, с.р.

---

ИСПРАВКА

По извршената проверка е утврдено дека Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија, по грешка е објавена во “Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/2002 година од 28 јуни 2002 година, поради што истата се повлекува.

Бр. 23-2880/1 Влада на Република
2 јули 2002 година Македонија,
Скопје

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје, поведена е постапка за расправање на оставината на покојниот Леонид Ниотис, кој починал на 01.01.1971 година во Скопје. Покрај другите наследници, како наследник на покојниот е пријавен Јован Ниотис, брат на покојниот, за кој останатите учесници изјавија дека е починат и не им е познато дали има оставено свои законски наследници.

Се повикуваат законските наследници на Јован Ниотис, во рок од една година од објавувањето на огласот да се јават во судот како наследници и да достават нивни адреси на живеење, заради учество во постапката за расправање на оставината на покојниот Леонид Ниотис.

Доколку во оставениот рок, не се јават во судот, судот ќе ја продолжи постапката за расправање на оставината на покојниот врз основа на одредбите од Законот за наследување и Законот за вонпроцесна постапка.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, ОД. бр. 1701/01. (17969)

### ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

Основниот суд во Струмица, постапувајќи по предлогот за извршување, поднесен од страна на доверителот Стопанска банка АД Скопје, против должниците Јованов Александар и Јованов Васил и двајцата од Струмица.

За привремен застапник на должникот Јованов Васил од Струмица, а сега со непозната адреса на живеење, во извршниот предмет заведен пред Основниот суд во Струмица под И. бр. 1480/01, по предлогот за извршување поднесен од страна на доверителот Стопанска Банка АД Скопје, против должниците Јованов Александар и Јован Васил, а заради наплата на парично побарување-долг во износ од 7.783.312,00 денари, како главен долг со останати споредни побарувања, преку продажба на заложена недвижност, се назначува Силвана Бајрактарова-стручен соработник при Основниот суд во Струмица.

Привремениот застапник ќе го застапува должникот Јованов Васил во постапката за која е поставен се додека должникот или неговиот полномошник не се појави пред судот.

Се повикува должникот Јованов Васил да се јави во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот.

Од Основниот суд во Струмица, И. бр. 1480/01. (17793)

---

Основниот суд во Струмица, постапувајќи по тужбата за издавање на платен налог, по барање на тужителите Ристо Павлов, Климент Стоев, Благој Гулев, Атанас Бајлозов, Ристо Гргашлиев, Тони Беловинов и Милан Прнарков, сите од с. Пирава-Валандово, против тужениот Асен Јанев од Струмица, со адреса на ул. "24-ти Октомври" бр. 49-1/1, за долг со вредност од 130.000,00 денари.

За привремен застапник на тужениот Асен Јанев од Струмица, со стан на ул. "24-ти Октомври" бр. 49-1/1, сега со непозната место на живеење во предметот на овој суд Пл. бр. 2/98, што се води во Основниот суд во Струмица, по тужба за издавање на платен налог на тужителите Ристо Павлов, Климент Стоев, Благој Гулев, Атанас Бајлозов, Ристо Грбашлиев, Тони Беловинов и Милан Прнарков, сите од с. Пирава-Валандово, а за долг со вредност од 130.000,00 денари, се назначува Лорета Абрашева-стручен соработник при Основниот суд Струмица.

Привремениот застапник да ги застапува интересите на тужениот согласно чл. 79 од ЗПП, со сите права по Законот, се до појавување на тужениот или негов полномошник.

Се повикува тужениот Асен Јанев, да се јави во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас или да испрати свој полномошник.

Од Основниот суд во Струмица, Пл. бр. 2/98. (18223)

### ОСНОВЕН СУД ВО ШТИП

Во Основниот суд Штип, е поведена постапка за развод на брак по тужба на тужителката Дурмишева Рукија од Штип, ул. "Иво Р. Лола" бр. 165, против тужениот Мартин Томас, сега со непозната адреса во Германија.

Се повикува тужениот Мартин Томас, во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во судот и достави адреса на престојувалиштето во Германија или определи свој полномошник или застапник кој ќе го застапува во постапката. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе ги застапува неговите интереси во постапката се додека самиот не се јави во судот или негов огласен полномошник или застапник.

Од Основниот суд во Штип, П. бр. 606/2002. (17831)

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3178/2001 од 14.03.2002 година, во регистарската влошка бр. 02042385?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДОО на Трговското друштво за производство, трговија, угостителство и услуги ПЕ-ЗО ДОО увоз-извоз Тетово, ул. „Г. Делчев" бр. 94, Тетово.

Основачи: Петроски Петар и Спироски Зоран од Тетово.

Управител е Петроски Петар без ограничување.

Дејности: 15.81/1, 20.40, 22.22, 31.10, 31.62, 36.14, 45.21, 45.32, 50.10, 50.20, 50.30, 50.50, 51.21, 51.22, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.43, 51.47, 51.51, 51.53, 51.55, 51.56, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.27, 52.41, 52.42, 42.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 55.11, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.22, 60.23, 60.24, 74.84, 17.21, 17.22, 17.30, 17.40, 17.54, 17.71, 18.21, 18.22, 18.23, 21.21, 21.22, 21.23, 74.82, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, унапредување на увоз, стоки и услуги, привремен увоз-извоз, компензациони работи, посредување во надворешно-трговски промет, меѓународен превоз на стоки.

Друштвото истапува во свое име и за своја сметка, а одговара со сите свои средства.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 3178/2001. (9363)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3190/2001 од 14.03.2002 година, во регистарската влошка бр. 02042397?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Трговското друштво за производство, трговија, угостителство и услуги БЛОК 70 ДОО увоз-извоз Тетово, ул. „Блок 70" бб, Тетово.

Основачи: Здравески Љупчо, Михајловски Владимир, Јови Маја и Јованоски Перо - сите од Тетово и Фонд за ПИО од Скопје.

Управител е Здравески Љупчо без ограничување.

Дејности: 15.81/1, 20.40, 22.22, 31.10, 31.62, 36.14, 45.21, 45.32, 50.10, 50.20, 50.30, 50.50, 51.21, 51.22, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.43, 51.47, 51.51, 51.53, 51.55, 51.56, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23,

52.24, 52.25, 52.27, 52.41, 52.42, 42.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 55.11, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.22, 60.23, 60.24, 74.84, 17.21, 17.22, 17.30, 17.40, 17.54, 17.71, 18.21, 18.22, 18.23, 21.21, 21.22, 21.23, 74.82, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, унапредување на увоз, стоки и услуги, привремен увоз-извоз, компензациони работи, посредување во надворешно-трговски промет, меѓународен превоз на стоки.

Друштвото истапува во свое име и за своја сметка, а одговара со сите свои средства.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 3190/2001. (9364)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3186/2001 од 14.3.2002 година, во регистарската влошка бр. 02042393?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Трговското друштво за производство, трговија, угостителство и услуги МАНИ-1 ДОО увоз-извоз Тетово, ул. „Илинденска“ бр. 214/5, Тетово.

Исполнети се условите за основање на ова трговско друштво и запишување во трговскиот регистар во поглед на основната главница согласно Договор за основање од 29.06.2001 и одржано Собрание за делба на Друштвото за производство, трговија, угостителство и услуги ДЕЛИКАТЕС-ПРОМЕТ АД увоз-извоз Тетово.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 3186/2001. (9365)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3194/2001 од 14.03.2002 година, во регистарската влошка бр. 02042401?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Трговското друштво за производство, трговија, угостителство и услуги Б и М-1 ДОО увоз-извоз Тетово, ул. „Љ.Б. Пиш“ бб, Тетово.

Основачи: Стојкоски Владимир, Богоевска Јованка, Митовска Марица, Алексоска Бисерка, Матевска Гордана, Стерјовска Снежана, Јовановски Зоран - сите од Тетово и Фонд за ПИО Скопје.

Управител е Стојкоски Владимир без ограничување.

Дејности: 15.81/1, 20.40, 22.22, 31.10, 31.62, 36.14, 45.21, 45.32, 50.10, 50.20, 50.30, 50.50, 51.21, 51.22, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.43, 51.47, 51.51, 51.53, 51.55, 51.56, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.27, 52.41, 52.42, 42.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 55.11, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.22, 60.23, 60.24, 74.84, 17.21, 17.22, 17.30, 17.40, 17.54, 17.71, 18.21, 18.22, 18.23, 21.21, 21.22, 21.23, 74.82, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, унапредување на увоз, стоки и услуги, привремен увоз-извоз, компензациони работи, посредување во надворешно-трговски промет, меѓународен превоз на стоки.

Друштвото истапува во свое име и за своја сметка, а одговара со сите свои средства.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 3194/2001. (9366)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3182/2001 од 14.03.2002 година, во регистарската влошка бр. 02042389?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Трговското друштво за производство, трговија, угостителство и услуги КУКЛА-1 ДОО увоз-извоз Тетово, ул. „Б. Тоска“ бб, Тетово.

Основачи: Евросимоска Гордана, Евросимоски Благоја од Тетово и Столевска Тодорка од с. Жилче.

Управител е Евросимоска Гордана без ограничување.

